**Барање:**

1. Колку вкупно недвижни ствари: објекти и земјишта има на користење Министерството за одбрана, доставете информација со следните податоци : вид на недвижност, Катастарска општина и правен основ за користење на истите.
2. Дали Министерството има недвижни ствари што стојат празни и не се користат од никој, доколку има да се наведе вид на недвижност и Катастарска општина.
3. Колку недвижни ствари има Министерството што не се запишани, изложени и немаат Имотен лист?

**Одговор:**

1. Согласно Упатството за градење 01-3514/1 од 04.11.2024 одбранбените објекти-недвижности со кои располага Министерството за одбрана се означени со степени на класификација согласно законот за класифицирани информации и од тие причини истите не претставуваат информација од јавен карактер.

2. Во однос на второто прашање, Ве известуваме дека во моментот Министерството за одбрана располага со недвижен имот за кој има склучено договори за закуп и истите се со важност. По нивното завршување се доставува барање за користење на недвижноста до Министерството за одбрана и се постапува согласно одредбите на Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост, односно објавување на аукција на недвижниот имот на интернет страната на министерството за финансии e-aukcii.finance.gov.mk.
Затоа ве повикуваме да ја следите интернет страницата на Министерството за одбрана mod.gov.mk како и интернет страницата на Министерството за финансии e-aukcii.finance.gov.mk каде што ќе бидат објавени објавите.

3. Во однос на третото прашање Ве известуваме дека Министерството за одбрана води ажурна евиденција на недвижниот имот и истиот е запишан во Агенцијата за катастар за недвижности. Во случај да се појави имот од поранешната ЈНА кој не е запишан, за истиот веднаш се поведува постапка за негово запишување на име на Република Северна Македонија и следствено корисничко право на Министерство за одбрана.